Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и петтата седница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 7 април 2023 година**

**Скопје, април 2023 година**

**З А П И С Н И К**
**од Сто четириесет и петтатаседница на Владата на Република Северна Македонија,одржана на 7 април 2023 година**

Седницата на Владата на Република Северна Македонија, што се одржа преку видео конференциска врска со употреба на интернет комуникација започна во 17:05 часот.

Со седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата учествуваа м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи,м-рКренар Лога, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија,Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Каја Шукова, министер за животна средина и просторно планирање,д-р Азир Алиу, министер за информатичко општество и администрација, како и заменикот на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија, Тахир Хани.

На седницата учествуваше и д-р Оливера Нечовска, секретар во Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата, на седницата учествуваа и д-р Вјолца Бериша, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство и м-р Енвер Хусејин, заменик на министерот за труд и социјална политика.

На седницата не учествуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања, Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции,Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Фатмир Меџити, министер за здравство, доц. д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука,м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика,Ристо Пенов, министер за локална самоуправа и д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија.

*

*     *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

1. Предлог-одлука за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година

2. Предлог-одлука за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година

3. Кадровски прашања

4. Прашања и предлози

*

*        *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**<u>Точка 1</u>**

Владата ја донесе Одлуката за измена на распоредот на средствата во посебниот дел утврден со Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 година.

**<u>Точка 2</u>**

Владата ја донесе Одлуката за распределба на средства обезбедени во Потпрограма ДА-Инвестиции во железничката инфраструктура, ставка 464-Разни трансфери во буџетот на Министерството за транспорт и врски за 2023 година.

**<u>Точка 3</u>**

По оваа точка немаше предлози.

**<u>Точка 4</u>**

По однос на оваа точка немаше прашања, ниту предлози.

*

*        *

На седницата се водени стенографски белешки.

Седницата заврши во17:10 часот.

**Заменик на генералниот секретар**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**Tahir Hani**

**Прв заменик на претседателот**
**на Владата на Република**
**Северна Македонија**

**dr. Artan Grubi**